[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 24-12-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

1403

До: Општина Битола
(имател на информацијата)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25-12-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 - | 135/1 | | |

[redacted]

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
______________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: На кои клубови и по колку му се доделени финансии на женски клубови, кои Општината имаше обврска за ... на женски спорт да лес се доделат 2 милиони денари на 4 женски екипи по 500 000 денари.
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација: Барам фотокопија од записите

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго писмено
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Архивски знак: 1106
Рок на чување: трајно
12.02.2025 година
Потпис

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во 24.12., _____ 2024 година .

Потпис [redacted]

(доколку [redacted] поднесува во хартиена форма)

(2) Колку пари му се уплатени на следните екипи од општината Битола?

1. Одбојкарски женски клуб Пелистер Волеј
2. Ракометен женски клуб Пелистер
3. Фудбалски клуб Атлетико Битола
4. Женски фудбалски клуб Топ Гол

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за Јавни дејности

Бр.11-135/2
25.12.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-135/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Примил лично:
[redacted]
25.12.24

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 26.12.2024
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
11-135/3

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

До
Одделение за административни и општи работи

**Предмет**: Доставување на информации по барање со бр. 11-135/2 од 25.12.2024

Почитувани,

Согласно Вашето барање и согласно пристигнатото барање од [redacted] од Битола за информации од јавен карактер, Ве известуваме дека во Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2024 година, под ставка број **5 - <u>Дополнително утврдени активности,</u>** додадена е ставка **5.1 - <u>Женски спортски клубови/здруженија</u>**, со опис на активност дека „Општината ќе го поддржува и женскиот колективен спорт односно здруженијата кои се натпреваруваат во националните лиги, а истите немаат статус на професионални акционерски друштва“ со вкупна сума од 2.000.000,00 денари.

Во програмата никаде не е наведено дека сумата треба да се исплати на 4 (четири) клубови/здруженија кои ги има наведено барателот.

Во текот на целата година до Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола преку архивата во Општината се пристигнати повеќе барања за доделување на финансиски средства од ставката 5.1 - Женски спортски клубови/здруженија и Комисијата по основ на пристигнатите барања одлучи финасиски средства да се доделат по следнот редослед:

| **5.Дополнителни активности** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.1 Женски клубови/здруженија | | 500.000,00 ден | ЖРК Пелистер | |
| | | 500.000,00 ден | ОКПелистер Волеј | |
| | | 100.000,00 ден | Женски Кугларски клуб Пелистер Пин | |
| | | 50.000,00 ден | ЖФК Топ Гол | |
| | | 50.000,00 ден | ЗФК Атлетико | |
| | | 100.000,00 ден | ЖРК Пелистер, Двомеч со РК Вериа - Грција | |
| **ВКУПНО Женски клубови/здруженија** | **2.000.000,00 ден** | **1.300.000,00 ден** | | **700.000,00 ден** |

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 347 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Комисијата за евалуација согласно записниците од Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола ги потврди горенаведените суми и истите се исплатени на барателите.

Како што може да се види од табелата погоре, од планираните 2.000.000,00 денари потрошени се 1.300.000,00 денари и останати 700.000,00 денари.

Во прилог Ви доставуваме:

1. Дел од Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2024 година, каде што се спомнати женските клубови/здруженија.
2. Записниците од Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола каде што се доделени финансии на женски клубови по предходно поднесени барања.

Битола, 23.12.2024

Раководител на сектор за
економски развој, јавни дејности
и информатичка технологија
м-р Снежана Петровска

Изработил:
Александар Стефановски

До

# З А П И С Н И К

Од седницата на Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола одржана на 19.12.2024година во 12:30 часот.

Присутни членови на седницата: Зоран Петковски претседател, Борче Корлевски, Михајло Вангелов и Марко Јосифовски, а како претставник од општинската администрација беше Александар Стефановски.

Записникот го водеше Андреј Гулабовски, помлад соработник во Нормативно-правно одделение.

За работа на седницата беше предложен и прифатен следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Програма за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2025 година.
2. Разгледување на Барања за финансиска поддршка

По точка 1 од дневниот ред претставникот на општинската администрација Александар Стефановски ја образложи содржината на точката при што Габриела Илиевска предложи два амандани и тоа:

АМАНДМАН 1: Поддршка на Шаховски клубови како посебна ставка во Програмата во износ од 150.000,00 денари.

АМАНДМАН 2: Зголемување на ставката „Училишен спорт" од 800.000,00 денари на 1.500.000,00 денари.

Борче Корлевски поднесе амандман и тоа:

АМАНДМАН 3: Нова ставка за Јавен повик за продажба на акции од професионалните клубови кои не се под договор.

Бојан Бојкоски поднесе амандман и тоа:

АМАНДМАН 4: Зголемување на ставката „Реквизити" за дополнителни 500.000,00 денари

Комисијата во однос на Амандманите гласаше.

Амандман 1 4 гласа ЗА
Амандман 2 1 глас ЗА и 3 гласа ВОЗДРЖАН
Амандман 3 4 гласа ЗА
Амандман 4 4 гласа ЗА

Комисијата по точка 1 од дневниот ред гласаше со **4 гласа ЗА.**

По точка 2 од дневниот ред, беа разгледани барања од Баирски Пионери и ЖРК Пелисер при што со 4 гласа ЗА беше одлучено да се доделат финансиски средства и тоа:

- Баирски пионери 70.000,00 денари
- ЖРК Пелисер 100.000,00 денари

Бр. 0922-165/2
19.12.2024год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за млади, спорт и рекреација
Зоран Петковски

# З А П И С Н И К

Од седницата на Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола одржана на 19.07.2024 година во 11:00 часот.

Присутни на седницата: Зоран Петковски претседател на Комисијата и членовите: Борче Корлевски и Михајло Вангелов. На седницата присуствуваа и советниците Марта Ѓоргиевска и Бојан Бојкоски. Како претставник од општинската адмнистрација беа присутни Александар Стефановски и Виолета Налевска.

Записникот го водеше Андреј Гулабовски, помлад соработник во Одделението за нормативно правни работи.

За работа на седницата беше предложен и прифатен следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување на барања.
2. Јавен повик за искажување на интерес и прибирање на барања за организирање на „Турнир во Баскет 3х3" – 2024 година.

По точка 1 од дневниот ред претседателот на Комисијата Зоран Петковски ги претстави поднесените барања и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| - Синдикат УПОЗ | 70.000 | 3 гласа ЗА |
| - Женски кугларски клуб Пелистер Пин | 100.000 | 3 гласа ЗА |
| - КК Пелистер | 9.000.000 | 3 гласа ЗА |

Советникот Борче Корлевски побара информација од службите да се обратат до КК Пелистер со цел добивање на информација во врска со тоа дали наведените средства се доволни до крајот на тековната година.

| | | |
|---|---|---|
| - ФК Пелистер | 10.000.000 | 3 гласа ЗА |

Советникот Борче Корлевски побара иста информација и во врска со ФК Пелистер.

| | | |
|---|---|---|
| - Тениски Клуб Чакулески | 50.000 | 3 гласа ЗА |
| - ПСК Ѓорги Наумов | 50.000 | 3 гласа ЗА |
| - ПСК Пелистер | 3.800.000 | 3 гласа ЗА |

Советникот Борче Корлевски праша до која фаза е стигната реконструкцијата на планинарскиот дом Копанки при што советникот Бојан Бојкоски одговори дека при разговор со претседателот на клубот има информација дека до крајот на градежната сезона се очекува објектот да стигне до фаза – карабина.

По точка 2 од дневниот ред, Виолета Налевска ја одразложи содржината на јавниот повик при што Корлевски праша како ќе се определува организацијата која ќе го организира настанот доколку се пријавени повеќе организации. Налевска одговори дека по завршување на јавниот повик следува евалуација на понудите.

По точка 2 од дневниот ред, Комисијата гласаше со **3 гласа ЗА.**

Бр. 0922-70/2
19.07.2024 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за млади, спорт и рекреација
Зоран Петковски

________________________________

# З А П И С Н И К

Од седницата на Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола одржана на 03.07.2024 година во 10:00 часот.

Присутни на седницата: Зоран Петковски претседател на Комисијата и членовите: Марко Јосифовски и Борче Корлевски. На седницата присуствуваше и советникот Ѓорѓи Ѓорѓиевски, Ненси Лозанче, Бојан Бојкоски, Кире Климевски, Марта Ѓоргиевска, Алмир Адемоски и Марица Тодоровска а како претставник од општинската адмнистрација беа присутни Виолета Налевска и Александар

Записникот го водеше Андреј Гулабовски, помлад соработник во нормативно-правно одделение.

За работа на седницата беше предложен и прифатен со 3 гласа ЗА, следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Програма за измена и дополнување на Програмата за активности во областа на спортот и младите на Општина Битола за 2024 година.
2. Разгледување на барања поднесени од страна на спортски клубови и здруженија за финансиска поддршка.
3. Распишување на јавен повик за доделување на финансиски средства од буџетот на Општина Битола на спортски клубови, спортски здруженија и спортисти за 2024 година.

По точка 2 од дневниот ред, претседателот на комисијата ги образложи пристигнатите барања од спортските клубови за финансиска поддршка при што за:

- ЖРК Пелистер 2012 500.000 3 гласа ЗА

Борче Корлевски паша од која ставка ќе бидат исплатени средствата а претседателот одговори дека од ставка „Женски спорт"

- Одбојкарски клуб Пелистер Волеј 500.000 3 гласа ЗА
- Тениски клуб АТП Пелистер 300.000 3 гласа ЗА

Корлевски праша дали се овие средствата кои претходно беа барани во износ од 250.000 денари, при што Алмир Адемоски наведе дека градоначалникот не ги потпиша трите иницијативи за финансиска поддршка на спортски клубови вклучително и тенискиот клуб.

- Бокс клуб Пелистерски Јунак 300.000 3 гласа ЗА
- Шаховски клуб Шах Шех 100.000 3 гласа ЗА
- Екстрим Бајк 200.000 3 гласа ЗА
- КК Младост Битола 50.000 3 гласа ЗА

По точка 1 од дневниот ред, Налевска ја образложи содржината на точката при што се зголемува за 32 милиони денари при што Корлевски праша дали од професионалните клубови имаат поднесено извештаи за потрошените средства кои советот им ги додели на претходните комисии.

Налевска одговори дека тогашните побарувања беа многу поголеми од доделените така што сеуште има недостаток на фин.средства но доколку е потребно ќе биди побарано од претставниците писмено да одговорат. Корлевски побара до одржување на седницата, Општина Битола да побара писмен одговор до спортските клубови дали планираните средства ќе бидат доволни за да се покријат трошоците и побара кошаркарскиот клуб Пелистер да одговори дали го почитува договорот во врска со ваучерите. Дополнитено праша што значи ставката други активности при што Налевска одговори дека тоа се активности кои не се наведени наведените спортови но се однесуваат на спортски активности кои се нови иновативни.

Алмир Адемоски побара информации дали ФК Пелистер има приходи од спонзорства и дали за наредната сезона има обезбедено спонзор/и. Дополнително праша од каде се овие ново предложени средства односно што е скратено.

Бојковски одговори дека се работи за средства во висина од 53 милиони денари по основ на ДДВ од Министерство за финансии а од нив дел се даваат за Програмата за спорт.

Адемоски наведе дека со предложениот ребаланс на буџетот се забележуваат кратења на неколку места така што прашањето не е поставено без основ. Дополнително праша колку финансиски средства има на ставката за професионален спорт, јавни повици, спортска опрема и реквизити и училишен спорт,

Налевска одговори дека под ставка Професионален спорт исплатени се сите планирани средства, под ставка училишен спорт остануваат 400.000,00 денари од планирани 800.000 денари, под ставка јавни повици беа планирани 2.900.000,00 денари а исплатени се 1.400.000,00 денари додека пак за физички лица планирани беа 900.000 а исплатени се 400.000 а под ставка спортска опрема и реквизити сите средства се искористени.

Корлевска праша колку средства им доделуваме на ПСК Пелистер при што Налевска одговори дека од претходно доделените 1 милион додаваме сега уште 3 милиони или вкупно 4 милиони.

Комисијата по точка 1 од дневниот ред, гласаше со **3** гласа **ЗА**.

По точка 3 од дневниот ред, Налевска го образложи предлог јавниот повик за финансирање на спортски здруженија, спортски клубови и спортисти додека пак по предлог на претседателот на комисијата се одлучи истиот да биди објавен од 05.07.2024 до 20.05.2024 година.

Комисијата по точка 3 од дневниот ред гласаше со **3** гласа **ЗА**.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за млади, спорт и рекреација
Зоран Петковски

Бр. 0922-61/2
03.07.2024 год.
Б и т о л а

# З А П И С Н И К

Од седницата на Комисијата за млади, спорт и рекреација на Советот на Општина Битола одржана на 13.12.2024 година во 10:00 часот.

Присутни на седницата: Зоран Петковски претседател на Комисијата и членовите: Марко Јосифовски и Борче Корлесвки. На седницата присуствуваше и советникот Бојан Бојкоски. Како претставник од општинската адмнистрација беше присутен Александар Стефановски.

Записникот го водеше Васка Арсовска - Цветаноски.

За работа на седницата беше предложен и прифатен следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување на барања за финансиска поддршка.
   Рагледани беа следните барања:
   - ФК Пелистер 100.000,00 ден.
     3 гласа ЗА
   - Нинџицу Клуб Битола 30.000,00 ден.
     3 гласа ЗА
   - Скијачки клуб Пелистер 50.000,00 ден.
     3 гласа ЗА
   - ЗСФК/ЖФК Топ Гол 50.000,00 ден.
     3 гласа ЗА
   - ЗСФК/ЖФК Атлетико 50.000,00 ден.
     3 гласа ЗА

Дополнителна дискусија немаше.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за млади, спорт и рекреација
Зоран Петковски

Бр. 0922-156/2
13.12.2024 год.
Б и т о л а

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | поддржува и финансира професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на Општина Битола | евалуација на барање за финансиски средства | Битола има капитал: ФК Пелистер АД Битола, РК Еурофарм Пелистер АД Битола, КК Пелистер АД Битола. Препорака:Финансиските средства треба да се распределуваат согласно унапредувањето на родовата еднаквост односно еднаквите можности на мажите и жените. | финансиските тешкотии со што ќе понудат соработка и да привлечат голем број компании кои ќе вложуваат. Оваа мерка ќе се придонесе следење на европските и светските искуства каде што најголем број на клубови функционираат како акционерски друштва, регулирање и утврдување на сопственоста и сопственичката структура на клубовите, привлекување на повеќе спонзори и приватни компании кои ќе инвестираат во спортските клубови. | | | спортските федерации Број на меѓународни натпревари |
| **5.** | **ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ** | | | | | | |
| 5.1. | Женски спортски клубови/здруженија | Општина Битола Комисија за евалуација на барање за | Општината ќе го поддржува и женскиот колективен спорт односно здруженијата кои се натпреваруваат во националните лиги, а истите немаат статус на професионални акционерски друштва | Зголемување на вклученоста на жените и девојчината во највисоките првенствени лиги и поттик за подеднакво финансирањето на жените и мажите, момчињата и девојчињата во спортот. Организаторот или носителот на | 2024 | 2.000,000.0 Оден. | Степен на рангирање во националните лиги на спортските федерации Број на национални и |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | финансиски средства | | проектот до општина Битола доставува:<br>- програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- број на учесници-спортисти, спортски екипи, број на деца со посебни потреби и број на жени кои ќе настапат во програмата, проектот, натпревар, активност или манифестација. | | | меѓународни натпревари |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-135/4
26.12.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **25.12.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-135** од **25.12.2024 година**, каде бара информација за доделени финансиски средства на женски клубови.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барател[redacted]однесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-135 на ден 25.12.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација за доделени финансиски средства на женски клубови

.Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-135/1 од 25.12.2024.
2.Допис до Одделение за Јавни дејности со бр. 11-135/2 од 25.12.2024.
3. Одговор од Одделение за Јавни дејности со бр.11-135/3 од 26.12.2024.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 26.12.2024 година, под бр. 11-135/4.

**Службенено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Примил лично:

[redacted]

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА